


# Личеноски

# ЛАЗАР ЛИЧЕНОСКИ
# LAZAR LIČENOSKI

## МАКЕДОНСКИ ПЕЈЗАЖ
## PAYSAGE MACEDONIENE

ОКТОМВРИ—НОЕМВРИ 1979
OCTOBRE—NOVEMBRE 1979

организатори:

МАКЕДОНСКА АКАДЕМИЈА НА
НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ И
УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА — СКОПЈЕ

Во изложбениот салон на МАНУ

Organisateurs:

L'ACADÉMIE MACÉDONIENNE
DES SCIENCES ET DES ARTS et
LA GALERIE D'ART — SKOPJE

Salon d'exposition de l'Academie

*Со особено задоволство е прифатена соработката меѓу Македонската академија на науките и уметностите и Уметничката галерија во Скопје во организирањето на тематската изложба „Македонскиот пејзаж“ од Лазар Личеноски.*

*Изложбата е замислена во Одделението за уметност при МАНУ, кое во својата дејност има предвидено организирање на разновидни ликовни манифестации од видни југословенски уметници.*

*Концепцијата на оваа изложба не претставува целосен преглед на пејзажите од уметникот, туку дел од нив, за доволно да се утврди вистинската вредност на сликарот, кој со својот богат и плоден опус стои на челно место во македонската современа и држи видно место во југословенската ликовна уметност.*

Со особено задоволство е прифатена соработката меѓу Македонската академија на науките и уметностите и Културниот центар во Скопје во организирањето на гостувањето на изложбата „Македонскиот вез" од Лазар Личеноски.

Изложбата е вклучена во Одбележувањето на јубилејот на МАНУ, кое во својата дејност има прифатено организирање на разновидни значајни манифестации од сферата [illegible] [illegible].

Композицијата на оваа изложба не претставува целосен преглед на творештвото од уметникот, туку дел од него, за да се укаже на [illegible] вреднувањето на делата, кои со својот квалитет и изведба пред сѐ на чесно место во македонската [illegible] и бројни свои места во [illegible] ликовна дејност.

## ЛАЗАР ЛИЧЕНОСКИ

1.

Лазар Личеноски беше дошол во последните години на својот живот до среќна идеја да состави една автобиографска скица. Тој текст, што уште не е среден и објавен, особено живо ги изнесува неговите спомени од детството и од првата младост. Со него се дополнува тоа што Личеноски го пишувал порано, та сето заедно може да ни послужи добро во приказот на неговиот живот и дело*. „Мојот живот — стои во тие записи — може да се подели главно на два дела: триесет години жилава борба, при неиздржливи напори, за гол живот и триесет години неуморна работа во уметноста".

Личеноски е роден 1901 година во Галичник. Мијачкиот крај, и Галичник во него, беа центар на зографскиот и резбарскиот занает во Македонија. Од овој крај потекнуваат, да ги споменеме само највидните од минатиот век, Дичо Зограф, познатиот иконописец, и мајсторите-резбари Петре и Марко Филиповски и Макарија Фрчкоски, кои ги изработија прочуените иконостаси во манастирот Св. Јован Бигорски и во црквата Св. Спас во Скопје. Беше тоа далечен одглас на барокот што, преку Света Гора, премина овде во една дражесна варијанта, просветлена со изворен наивизам.

Природата на мијачкиот крај дише со убавина на планински предели. Бистрата вода на Радика бучи преку белутраци, се извива таа брза река меѓу планини на кои се шират бескрајни пасишта.

Самиот Личеноски успеа да ни го опише Галичник и животот во него во неколку сочни реченици. „Кога излеговме — вели тој — на завојот пред Косоврашката бања, пред нас се појави, како со нежни бои исликан јапонски параван, планината Бистра, во подножјето на која стрмно до Радика се спушта карпа висока скоро километар, а над неа се белеат, како птичји гнезда, камени високи куќи, еден дел од селото Галичник." Ова исто доживување на родното село, што така ненадејно се открива пред погледот на патникот од друмот покрај Радика, Личеноски го има пренесено повеќе пати и на платно.

Галичанците се сточари, печалбари и зографи, соопштува натаму тој. Мажите одат од септември до јуни на печалба во Солун, Скопје, Каиро, Белград, Софија, Атина и во други места по светот. Се враќаат за Петровден, зашто тој ден се венчаваат сите младоженци („сите галичанци се родени во март месец" — забележува Лазо). Преку годината, дури се луѓето на печалба, во селото останувале „петмина терзии, петмина даскали, петмина попови и петмина бакали и неколку немошни старци и сите жени. Галичките жени не знаат на што расте житото и на што грозјето".

Ова славно село на Лазо Личеноски, кое имало над три илјади жители, денеска е речиси пусто. Миграциите што поради различни причини настанаа во последниве

---

* Со длабока благодарност бележам дека увид во тој материјал ми овозможи Зоја Личеноска, сопругата на покојниот сликар.

неколку децении доведоа до тоа, што сега само уште од неколку куќи да се извива дим во Галичник. Човек и без да сака ќе помисли дека е сепак среќа што едно вакво место навреме го родило Лазара Личеноски.

Во Галичник, значи, поминаа првите години од животот на идниот сликар. На три години детето останало без мајка. Татко му, мајстор-претприемач, работел тогаш во Призрен, така што грижата за двете деца, за Лаза и неговата сестра ја презеле роднините.

Во своето село Лазо завршил две одделенија. Тој се сеќава радо како тетин му Јован Куцулоски го земал лете на бачило да им помага на овчарите. Едно лето поминал на „аргач", каде што се изделувале само јагнињата што наесен ги продавале во Солун. „Така јас — раскажува Лазо — цело лето носев вода, палев оган, го перев котелот, варев бакрданик. И двапати во неделата, со магарето и со кучката, одев на бачило, десетина километри од аргачот, носејќи заире: брашно, сол, урда, па опинци и понекогаш тутун во сини, книжни ќесиња за „сејмените".

На аргачот било досадно само кога врнел дожд. Детето го поднесувало скудниот живот, зашто ни во селото не минело подобро. Се стопувало просто во природата, впивајќи ги боите и облиците на западномакедонските планини. Од овој допир потекнува едно трајно сродство што подоцна ќе најде израз во творештвото на Личеноски. „Кога беше убаво времето — кажува тој — се играв по цел ден пред колибата со малите кучиња и гледав, во таа елементарна планинска тишина, бескрајни панорами се шират од врвовите на Бистра преку подножјата на Крчин и Стогово, и преку цела Албанија, прекрасни преливи и хармонии на сини и виолетови бои што се губат во мекото сивило на јадранската пучина. Можеби од тогаш се родила во мене големата љубов спрема планинскиот пејзаж". Познато е колку често се враќа кон тој пејзаж во своите слики. И мотивот на бачило се јавува кај него повеќе пати. Не можеме да се ослободиме од впечатокот, по сето што ни го соопштува самиот Лазо, дека во атмосферата на тие композиции и особено во начинот како се на нив изразени фигурите, останало нешто од чистотата и непосредноста на детското сфаќање на светот. Тоа е за сликарот не само свет што го гледа, ами и свет што е прочистен во споменот и што преминал во приказна.

Лазо имал осум години кога татко му ги прибрал децата кај себе во Призрен. Се случило тоа во 1908 година, во времето на Уриетот. Неколку недели траела народна веселба со илуминации, ора и песни. Првата средба на селското дете со градот била, се разбира, возбудлива. Но поради несредените односи во фамилијата, животот на Лаза во Призрен не бил многу лесен. Го продолжил основното училиште. Другарите го викале „Дибранче". Од читанката го зголемил и го обоил цртежот на Бошко Југовиќ со крстат барјак. Цртежот му се допаднал на учителот, па му клале рамка и го закачиле во канцеларијата на управителот на училиштето. Народната поезија му била на Лаза првата лектира. Кога ќе се собереле пријатели дома, татко му сакал да им чита Лазо епски народни песни, од кои сите паѓале во длабок занес.

Фамилијата преминала 1911 во Тетово, каде што татко му ја правел зградата на поштата. Тука Лазо го завршил четвртото одделение и есента истата година се запишал в гимназија во Скопје. Го примиле во интернат. „Тука првпат сетив — вели тој — вистински човечки живот, што е хигиена, игра, учење и другарство."

Лазо е комуникативен, љубопитен, претприемчив. Тој би сакал да се бави со гимнастика, смислува како да го наговори татко си да му купи мандолина, служи како преведувач за германски јазик кај својот стрико, иако беше научил само стотина германски зборови во први клас гимназија.

Доаѓаат балканските војни, Првата светска војна. Во 1915 Лазо е во четврти клас гимназија во Тетово. Бидејќи ништо веќе не се ѕидало, татко му отворил столарска работилница. Лазо го напуштил училиштето и останал во дуќанот да му помага на татка си и да учи столарски занает. Работел и како фирмописец. Татко му умрел пред крајот на војната. Сега на синот му се поставило прашањето кој пат да избере во животот.

„За сето време, откако станав столар и фирмописец — соопштува тој — не престанав да читам и да се дружам со млади луѓе што се интересираа за книга. И книгата стана причина да го оставам занаетот, да тргнам во авантура, смело во

нов живот. И многу луѓе еснафлии ме сметаа луд што читам толку книги „кои ми го зеле умот".

Лазо не можеше да потоне во еснафскиот живот и да ги прими неговите норми. Во годините непосредно по Првата светска војна учествува во акциите на тетовската младина. Тетово од тие денови тој го опишува како разбудено место што никако не личело на зачмаена паланка. Младината развивала жива културна дејност. Тетовското пејачко друштво станало дури првак на Југословенскиот пејачки сојуз. Младината ги прифаќа револуционерните идеи. Во Тетово на 17. 9. 1919 се формира месна организација. Лазо учествува во политичкиот живот, се свикуваат конференции, се води кампања за општинските и скупштинските избори. Организацијата има администрација во дуќанот на Лаза. Свечено се прославува 1 мај 1921 година. Непосредно по прославата Лаза го затвораат. Во полицијата го тепаат сурово. Кога бил пуштен од затвор, тој оди во Галичник. Во Тетово веќе не се враќа, ами заминува да учи во Белград. Од 1921 до 1929 трае неговото сликарско школување.

2.

Веќе споменавме дека во средината од која е поникнат Личеноски се негувала традиционална зографска уметност. На крајот и тој се определил за едната од оние три професии што ги избирале галичанците. Средбите со зографите имале не мало влијание во таа негова ориентација.

Личеноски има објавено и посебна статија за своите средби со последните мијачки зографи (Разгледи, јануари 1959, стр. 609—617). Тој вели дека првото поблиско познанство со нив станало во 1917 во Тетово, каде што во црквата Св. Кирил и Методиј работеле резбарот Максе Крстев од Галичник и Димитрија Андонов од Папрадишта. Мајстор Крсте од Лазарополе сликал во дуќанот на татка му на Лаза икони за црквичката во тетовското кале.

Лазо, којшто тогаш имал шеснаесет години, ја следел не само нивната работа, ами се запознавал со нивниот начин на живот, како и со нивните погледи. Од скромниот и молчелив мајстор Крсте ја научил технологијата на зографскиот занает. Натанаил Фрчкоски, фиданка на славна фамилија, му ја открил толку раширената слабост на луѓето од уметноста да се креваат себеси над другите. „Тој толку раскажуваше за својата работа, толку се фалеше, — а другите ги потценуваше и им го рушеше угледот, мислејќи секако дека, како Фрчкоски, е и најдобар меѓу живите зографи."

Најсилен впечаток сепак му оставил Димитрија Андонов Папрадишки којшто имал учено иконографија во Киев. „Често гледав преку денот да најдам малку слободно време, — пишува Лазо, — за да појдам во црквата да посматрам како мајстор Максе реже шарки, и со саати, со глава кревата нагоре да гледам како Димитрија зографот слика на скелињата во кубето. Во празничните денови, стоев пред кафаните да го посматрам кога игра карти, руча или разговара со некого. Ми беше криво, кога ќе чуев некого да рече за Димитрија „тој коцкарош".

Така се упатуваше младиот Личеноски во сликарството. Тој не отиде да учи натаму празен и неподготвен, ами полн со впечатоци што потекнуваа од традицијата да се работи и да се гледа ликовно во неговата родна средина. Тој како момченце беше упатен на мајсторите од својот крај. И жедно, гледаме, го бараше нивното друштво. Но тој не беше меѓу нив за да го продолжи просто нивниот занает. Во младиот човек се криеше сила што ќе пречекори во простори недостапни за последните мијачки зографи. Новото сликарство, кое тој ќе го донесе во Македонија, заедно со своите врсници, ќе вклучи во себе и квалитативно нов однос спрема традицијата. Тале Фрчкоски имал обичај да каже: „што сум нашол една руска копија!" Сега се работеше не за реплики, ами за творечко интегрирање на традицијата во нова една уметничка синтеза. Мијачкиот крај го беше родил својот современ сликар. Впечатоците од Бистра планина, и опитот на младиот Личеноски, мораа да се сретнат со ликовната современост, со новите уметнички зафати во светот, за да се потврди тој самостоен сензибилитет и да надахне вредни дела.

Личеноски бил примен во 1921 година за редовен ученик на Уметничката школа во Белград. Четири години учел наставнички, а потоа две години академски курс во класата на Љ. Ивановиќ, П. Добровиќ и М. Миловановиќ.

Животот на студии не му бил лесен, особено во почетокот кога требало да се сели од пријател до пријател, бидејќи немал средства за стан. Бранислав Нушиќ му помогнал да најде работа како разводник во театарот. Лазо имаше златен дар да придобива пријатели. Ведар и отворен, секогаш добро расположен, тој зрачеше со непосредност што ги привлекува луѓето.

Кога во 1927 ги заврши студиите, доби двогодишна стипендија за Париз, каде што стапи во ателјето на Марсел Леноар кај кого учеше фреско-сликарство. Извесно време работеше и кај мозаичарот Пол Бодуен во Ecole des Arts et Métiers. Како и за другите сликари, Париз и за Личеноски значеше извонредно корисен контакт со современото сликарство. Ќе се чувствува потоа, особено во почетокот, дахот на Сезан, Пикасо и Сутин на неговите платна. Како се одразува тој творечки допир во неговото сликарство — тоа ќе биде тема на која секогаш наново ќе се враќа уметничката критика.

Личеноски излагаше самостојно веќе 1927 во Скопје. Учествуваше 1928 и на изложбата на југословенските сликари во Париз. Но дури кога се врати во Белград почнува неговиот вистински подем. Признанието не мораше да го чека долго. Дека е тој уметник оригинален, кој има што да соопшти, покажа неговата самостојна изложба во Белград 1929 година. Отворајќи ја таа изложба, Јован Бијелиќ можеше со вистинско уверение да ги изговори овие зборови: „Нашата ликовна уметност, сликарството наше во Личеноски добива една нова позитивна вредност, а нашата одлична и најмлада генерација се зголеми со уште еден силен член". Натамошната работа на Личеноски ни најмалку не ги демантира овие зборови. Личеноски приреди дваесетина самостојни изложби и учествуваше во голем број заеднички експозиции во земјата и странство. Секогаш се чувствуваше, во допир со она шот тој имаше да го покаже, дека се гради крупно, инспирирано и оригинално дело.

Триесеттите години ја оцртаа јасно неговата физиономија. Тој брзо се вклопува во ликовниот живот на Белград: 1929 станува член на Здружението на белградските уметници, 1930 член а потоа и секретар на групата „Облик" (таа должност ја вршеше сè до 1940). Излагајќи редовно во Белград и други места. Личеноски секогаш наново покажуваше колку е крвна неговата врска со родниот крај, со поднебјето на Македонија, која останува негова основна тематска преокупција. Се враќаше секоја година дома да ги обнови впечатоците и да зацрпе нов материјал за своите пејзажи, мртви природи и жанр-сцени. Тој бележи изрично за септември 1939 дека дошол да наслика еден пејзаж од Галичник, „да не ја изневерам како галичанец својата секигодишна пракса".

Од 1945 Личеноски живее постојано во Скопје. Учествува во организирањето на Друштвото на ликовните уметници на Македонија и на Уметничкото училиште во Скопје. Последниот период од неговиот живот е исполнет со не помалку активна работа, како творечка така и практична. Беше меѓу другото едно време директор на Уметничкото училиште и претседател на Друштвото на ликовните уметници на Македонија. Не изостанаа ни нови признанија. Му беше доделена Октомвриска награда за 1959. При крајот на 1963 беше избран за дописен член на Српската академија на науките и уметностите. Предвремената смрт, што така неочекувано настапи на 10 април 1964, однесе еден човек во полна сила, кој имаше многу нови планови за иднината.

Смртта му ја одзеде на Скопје и на Македонија една од најизразитите фигури во уметничкиот живот, И улиците во неговиот „Шаренград" (така го викаше Скопје лут на архитектите што одат по туѓи обрасци) како да жалеа за Лазара Личеноски. Зашто тој толку сигурно, убаво и интересно се движеше во овој амбиент, тој човек за кого Вељко Петровиќ чувствуваше потреба да говори пред сè како за изразита личност. Оптимизам зрачеше од неговата појава, нешто од детската непосредност се беше задржало трајно во него, сакаше крепка смеа, народски збор, уживаше во нашиот ориентален муабет, уживаше во шеги, цел еден репертоар од досетки и случки остана по него, особено оние смешните од неговиот крај и од зографскиот живот. Сепобедна спонтаност избиваше од неговите зборови и гестови. Таа е еден од суштествените двигатели и на неговото уметничко творештво. Светлата страна на животот беше нашла во него свој изразител.

**3.**

Лазар Личеноски ги имаше впиено длабоко во себе боите на македонското поднебје. Како исплоуваат само по оморината силуетите на планините во првите летни предвечерја! Тогаш ќе се рашири преку хоризонтот меката хармонија на сини и виолетови преливи, како да струјат полека спрема далечините, и душата се проникнува со нив скоро до поистоветување.

„Зошто на моите пејзажи нема сонце? — запишува Лазо. Јас го елиминирам сонцето од пејзажот дека тоа прави силни контрасти, осветлени плохи и сенки. А боите во сенка го губат својот карактер, звучност и својата природна убавина."

Овие зборови нè приближуваат многу кон неговото доживување на светот и неговата вистинска уметничка природа. Нема во тоа доживување наклоност спрема драматичното, никакво уривање на страста. Лириката е негово царство, и нешто што е во самата атмосфера на народната приказна, па ја возбудува фантазијата, како сè што успеало да се преточи во приказна.

Секогаш се подвлекувало дека во сликарството на Личеноски бојата е предоминантен елемент. Тоа и ја изразува неговата лирска природа. „Тешко би знаеле да посочиме уште еден наш сликар, за кого бојата би била толку интензивно, толку страсно и чувствено доживување како за него", — пишуваше во 1929, Тодор Манојловиќ. Многу импресивно, и како што нам ни се чини со насетување на една уште подлабока димензија, го прикажа тоа својство на неговиот талент Вељко Петровиќ: „Неговата татковина, таа преродена, древна Македонија, беше во него, и покрај нејзините скромни граници, монументална краина, па затоа, во неговото дело, неговото омилено зеленило, црвенило и по нив распоредените белини ѕунат воздржано и длабоко. Тоа зеленило кај Личеноски има нешто од веќе вкоравената флора, веќе со предзнаци на мрката зрелост на позното лето, а неговото црвенило тоа е руменило на пржено кафе или на лозја пред касно берење. А меѓу нив расфрланите белини нема да блеснат сензационално, ами, ќе се сливаат со потврдните тонови на населбите, нивите, трлата, овошните градини, соборот со многу женски шамии, — сето тоа гледано со вљубени очи на контемплативен посматрач-земјак".

Тоа што се насетува во овие зборови е, ни се чини, дека ликовното доживување кај Личеноски е врзано за сосем одреден свет на преданија. Како што кај некои македонски писатели наоѓаме цврсти врски со традицијата изразена во народното кажување, така и кај него чувствуваме нешто кое длабоко емоционално се корени во тој свет на приказни и преданија. Не се работи ни во првиот ни во вториот случај за плитко подражавање на фолклорот, ами за сила што една наследена стилска структура ја трансформира во нови форми, постигнува нова синтеза во допирот со современоста. На секој начин треба да се мисли на оваа широка основа, а не само на зографската традиција, кога се објаснува појавата на Лазар Личеноски.

Разбирливо е што Личеноски, умееше да ја открие убавината на боите, имаше изразити успеси во пејзажот и мртвата природа. Но тој остави доста забележителни работи и во други области Иако критиката понекогаш истакнува извесна стереотипност на неговите портрети, таа не може да не му признае дека не еднаш докажал како може да биде одличен портретист што со спонтано, интуитивно вникнување го дочарува ликот.

Покрај пејзажите и мртвите природи, жанр-сцените сочинуваат особено омилена област на неговото сликарство и го дополнуваат на посебен начин тоа што го врзува цврсто со родната почва. Го споменавме мотивот на бачилото, на кој Личеноски се враќа повеќепати и на кој му се придружуваат сцени од животот на старите мајстори, занаетчии, зографи, рибари и градинари на бреговите на Охридското езеро. Сè е тука од реквизитите што го следат секидневниот живот на малите луѓе во патријархалната средина, и ништо нема што би не потсетувало само на етнографија. Тоа е еден свет што си одминува, преминува во приказна и легенда, се преобразува во спомен. Со срце на поет го чувствува Личеноски тоа преобразување, со јасни потези на четката го претставил виденото; атмосферата и вкусот на спомен се рее како осмевка и тиха резигнација на овие платна („си бил еднаш еден мајстор" — би рекол скоро човек пред неговата слика на стариот саатчија). И токму кога зборуваме за жанр-сцените, не можеме да не се сетиме на циклусот песни од Кочо Рацин за старите мајстори. Тоа се уметници со различни темпераменти, но

во историска смисла вклучени во еден контекст, во оној ист систем на односи меѓу традицијата и современоста што се обидовме барем патем да го прикажеме.

Се надеваме дека ова може поблиску да го објасни и начинот на кој Личеноски се сретнал со современото европско сликарство, — прашање кое критиката радо го засегаше оценувајќи го неговиот уметнички развиток.

Престојот во Париз е секако најинтересниот период кога се работи за споменатата средба. Личеноски ќе изнесе отаде многу нови впечатоци, ќе се изразат неговите наклоности спрема истакнатите сликари, па и нивното влијание, разбирливо, ќе се чувствува како преодна или трајна компонента на неговото творештво. Растко Петровиќ во 1933 во статијата „Исток и запад од палетата на еден млад уметник" го забележа конфронтирањето на две традиции врз платната на Личеноски: го импресионирал Пикасо, неговите „во крупна пластика сликани фигури", полни со чувственост, а го носел со себе стремежот за „монументално сликање низ аскетизмот на формата и материјата, низ дисциплината на иконописот и синтезата на формите".

Меѓутоа, она што особено го привлекло вниманието на критичарите уште од првите чекори на Личеноски, — не се овие влијанија инаку толку природни, ами фактот дека тој останал изразито оригинален, не ѝ се потчинил на туѓата средина барајќи во неа за компензација некаква варијанта што би ја следел во уверение дека држи чекор со соременоста. Усвојувајќи, тој тргнал по патот по кој го водело внатрешното битие. Тој не можел да постапува поинаку, а веројатно изборот кај него и не дошол по големи дилеми: ја чувствувал просто стабилноста на силно надарените природи, која во себе ја вклучува како нешто што се подразбира и храброста, човекот да се покаже во својот формат, без бојазан дека можеби многумина самозвано ќе го бришат од уметничката авангарда.

Таа својственост на Личеноски ја истакна Тодор Манојловиќ веќе во приказот на првата негова изложба по враќањето од Париз: „Личеноски доаѓа од Париз, каде што не само минал низ една сосем извонредна школа — особено, се чини, го одушевиле Пикасо и Утрило — ами и умеел интелигентно да ги искористи и асимилира големите опити и напатства. Видел, забележил и научил многу: но сите тие придобивки се носени од неговиот длабок, веќе првобитно даден уметнички нагон или, просто речено талент, на кој големите учители и обрасци на модерното сликарство му послужиле, се чини, само како непосредна подбуда да се пројави, да расцути во сопствени бои".

„Тоа што релативно рано се формира и го потврди своето уметничко становиште, може да му се припише на влијанието на вродената зографска смисла", — пишува во 1939 Пјер Крижаниќ.

Ние се обидовме да ја прошириме содржината на она што би требало да се разбира како „вродена зографска смисла"; се старавме да прикажеме во каква спрега меѓу традицијата и современоста се нашол Лазар Личеноски, онаков каков што беше по својата природа, кога како млад човек ги напушти зографите и отиде во широкиот свет да стане современ сликар. Изненадуваше колку рано дојде тој до свое становиште, но тој имаше свој систем, и свои задачи што требаше да се решат во неговите граници, веќе пред да тргне во светот. И во неговиот случај се потврди тоа што е познато од животот и на други изразити таленти: тој не отиде да учи од почеток ами да го вклучи во својот систем она што му одговараше, а што му недостигаше; тој е во една традиција која, пред Пикасо, беше негов прв голем учител.

Блаже КОНЕСКИ

R É S U M É

Lazar Ličenoski est né en 1901 à Galičnik (Macédoine de Yougoslavie). Après avoir terminé l'Ecole des Beaux-Arst à Belgrade, il fait un séjour d'études à Paris de 1927 à 1929. Il travaille dans l'atelier du fresquiste Marcel Lenoir et suit également le cours des techniques murales chez Paul Baudouin à l'Ecole des Arts et Métiers. Ličenoski fréquente aussi l'Académie de la Grande Chaumière, ainsi que l'aetlier d'André Lhote. C'est à Paris que s'achève sa formation de peintre, c'est là qu'il crée ses premières peintures importantes. En 1928, il y expose pour la premiére fois à l'Institut des Etudes Slaves avec un groupe d'artistes jougoslaves. Rentré en Yougoslavie, il habite d'abord à Belgrade où il est l'un des peintres les plus actifs et les plus originaux de l'entre, deux-guerres. Membre dès 1929 du groupe »Oblik« (Forme) qui rassemblait alors des artistes formès sous l'influence des conceptions parisiennes contemporaines, il expose avec ce groupe dans son pays et à l'étranger. De même il participe règulièrement aux expositions de l'Association des artistes plastlques belgradois, ainsi, qu'à celles de l'Association des artistes plastiques yougoslaves. Il fait également un grand nombre d'expositions particulières à Belgrade, Skopje, Zagreb, etc. En 1945, Ličenoski de Belgrade vient à Skopje pour y participer après la guerre à l'organisation de la vie culturelle et à la fondation de l'Ecole des Beaux-Arts oú il travaille comme professeur et directeur jusqu'à la fin de sa vie (1964).

Lazar Ličenoski est l'un des pionniers de la peinture moderne macédonienne. Son Oeuvre ets extrêmement riche et variè, tant par les motifs (paysages, portraits, nus, composition figurales, natures-mortes, etc.), que par les techiques employées (huile, fresque, mosaïque, grafitte, tapisserie, etc.). Ses œuvres se trouvent dans les principaux musées et galeries d'art yougoslaves, ainsi que dans des nombreuses collections particulières en Yougoslavie et à l'étranger. Ses sujets prédominants sont l'homme et le paysage de Macédoine »qu'il a réussi à exprimer avec le plus grand succès non seulement par ses thèmes, mais surtout par la qualité et l'intensité de ses couleurs«, comme l'a souligné la cratique d'art.

## ПЕЈЗАЖИТЕ НА ЛАЗАР ЛИЧЕНОСКИ

„Пејзажите на Лазар Личеноски се најчиста песна на темпераментен и богат талент и на штедра сликарска палета“.

Јован Бијелиќ[1]

Лазар Личеноски со години преку цело лето ја сликаше својата родна Македонија. Со својата малкастна закачена преку рамо, ја обиколуваше накрст, најпрвин пешки наидувајќи на се до тогаш уште непроодни места, се качуваше на ридови и планини, минуваше низ диви клисури и шуми, минуваше потоци и реки, задржувајќи се најмногу на Охридското Езеро и во родниот крај Галичник. Потоа, кога дојде до можност да си набави велосипед, ќе ги натовареше на него својата малкастна, платна и штафелајот, ќе го јавнеше и ги крстареше неуморно македонските, тогаш трускави и прашливи друмови, застанувајќи да наслика пејзаж таму каде што природата ќе го примамеше. Ги опеаше со својата четка и бои сите природни убавини на Македонија, „нејзините утра и нејзините вечери, нејзините мугри и нејзините предвечерја, нејзините дни ...“[2] Долови неискажливи предвечерни преливи и есенски хроматски варијации, онака како што длабоко лирски ги доживуваше и со страсно чувство за боја изразуваше на своите платна. Како што го нарекуваат, најпотполниот поет на крајот од каде што проникна, Личеноски ги почувствува сите чари и недопирнати убавини на македонското поднебје и ги сликаше со своевидни, интензивни, чисти и звучни бои, внесувајќи ја во нив својата душа и своето срце, својата љубов кон родната груда.

Македонија на Личеноски има особен карактер, кој лежи не само во композицијата и тонот, ами и во целата атмосфера со која е проникната сликата.[3] И не е тоа накалемено, туку избива непосредно од особеноста на родната почва и од изворноста на уметниковиот израз. Личеноски прв и најсилно ја даде Македонија како ликовна terra incognita во пејзажи заситени со боја: свежата зелена чар на природата со лисни гори и долини, црвена земја црнетица, витки тополи благо повиени од виорче пурпурни кровови скриени меѓу зеленило, стари куќи со чудесни преливи на патинирани бои, убавините на нашите езера, афионски полиња раскошно расцутени.

Пејзажите на Личеноски имаат двојна вредност. Тие се значајни веродостојни документи, а истовремено претставуваат трајни ликови дела, зашто „и најбаналните визии тој ги преобразува, штом ќе ги нафрли на платно, во секогаш свежи, нови и никогаш неповторливи сликарски доживувања со длабоко уметничка искреност и целосна човечка отвореност.[4] Неговите пејзажи се „двоен трезор“, трезор на спомени

---

[1] Изложба слика Лазара Личеноског. Правда, Београд, 10 септ. 1929.
[2] Наши у престоници. Код Личеноског у Београду. Вардар, Скопје, 29. XI 1933.
[3] Зорица Симић — Миловановић, Изложба Лазара Личеноског. Јавност, Београд, 4. V 1935.
[4] Леуновић, Изложба Личеноског, Самоуправа, 21. X 1939.

и трезор на уметничко гледање на македонскиот пејзаж.[1] Како што на портретите ја чувствува секоја црта на доморođецот, така и во пејзажите тој го чувствува секое делче на теренот од својата татковина. Тој го прикажа она што е „вечна и вонисториска суштина на неговата Македонија.[2]

Пејзажите на Личеноски и воопшто неговото сликарство мнозина автори ги заинтересирало, емотивно ги прело, ги воодушевило и инспирирало да пишуваат за него.

Поетот Растко Петровиќ, кој повеќе пати се осврнал и доста опширно пишувал за сликарството на Личеноски, истакнува дека кај него има едно особено, страсно чувство за пределот и природата, нешто типично и расно, во цела низа „вонредно живи, скоро музикални пејзажи.[3] Неговата црвена боја во длабина на зелените и сини тонови — пишува тој за Личеноски — дејствува крваво и сензуално, пригушено и патетично како извесни мотиви во народните напеви ... Сигурно е дека има голема, вистинска сликарска поетичност во неговото творештво".[4]

„Личеноски е ненадминат во безграничната лирика на своите пејзажи", пишува друг ликовен критичар. „Би могло да се каже дека му нема рамен во смелоста со која го употребува синото, црвеното и зеленото, занесен во облиците и колоритот на својата татковина".[5]

„Пејзажите на Лазар Личеноски горат, пламтат, светкаат и се туштат во бои на пожар и бура. Начинот на којшто умее да го состави на своите платна темносиното (небо) со цинобер и црвеникаво-портокалово претставува нешто сосема единствено и индивидуално и оддава еден ретко длабок и страстен колористички темперамент", пишува поетот и ликовен критичар Тодор Манојловиќ.[6] Тој смета дека бујното колористично вдахновение на Личеноски најпотполно се пројавува во пејзажите и дека тој тука му се предава најслободно и најблажено на занесот на оние свои „сочни и густи ,темно-зелени, пламено-црвени, остро-сини и златно-жолти, портокалови тонови", во кои му се привидуваат пределите на неговата татковина: Галичник, Охрид, Струга, Скопје, Тетово и др.[7]

„Во делата на Лазар Личеноски е искажан епот за македонското поднебје за македонскиот пејзаж", пишува Антоние Николовски. „Тој свој еп Личеноски го издигнал до монументалност, до една карактеристичност и синтеза".[8] За оваа карактеристичност и синтеза проф. Димче Коцо дава поблиско толкување: „Лазар Личеноски останува уметник-сликар на Македонија, кој најсилно го почувствувал богатиот колорит на македонскиот пејзаж и карактерот на Македонецот, и кој истите ги предава не со тенденција за потенцирање на фолклорни елементи, ниту живописности што би го задоволувале вкусот на неосведочените во ликовното творештво, туку со настојување, преку една синтеза на битните елементи на проблемот што го обработува, да го изрази најбитното, најкарактерното, она што кај уметникот со јасна концепција претставува цел во неговото творештво".[9]

Пишувајќи за Личеноски, ликовниот критичар Иван Невистиќ вели дека неговите пејзажи високо отскокнуваат од останатите во југословенското сликарство „со една оригинална, специфично наша, балканска и психологија и атмосфера". Тој прави многу интересна паралела помеѓу Иво Андриќ и Лазар Личеноски: „Како што по новелите на Иво Андриќ може веднаш да се одгатне и неговото потекло, а де не се знае за него, така исто и начинот на кој Личеноски ги дава своите македонски пејзажи го оддава и него како жив исечок од таа природа. Воопшто, помеѓу овој

---

[1] Код Личеноског у Београду, Вардар, 29. XI 1933.
[2] Д-р Перо Слијепчевић, Сликарска изложба Лазара Личеноског. Јужни преглед, Скопље, X 1936.
[3] Н. Ј. (Растко Петровић), Исток и запад са палете једног младог уметника — Изложба Лазара Личеноског. Политика, 12. фебруар 1933.
[4] Н. Ј. (Растко Петровић), Десета изложба удружења Облик, Политика, 18. XII 1933.
[5] Леуновић, Изложба Личеноског. Самоуправа, 21. X 1939.
[6] Тодор Манојловић, Изложба Облика од 6. до 20. нов. 1932. — Уметнички павиљон — Београд, СКГ.
[7] Тодор Манојловић. Изложба Лазара Личеноског. Телеграм, Београд, октобар 1939.
[8] Антоние Николовски, Тематска изложба на Лазар Личеноски, Разгледи, јуни 1959, стр. 1240.
[9] Димче Коцо, Предговор во каталогот за ретроспективната изложба на Лазар Личеноски, Уметничка галерија во Скопје, мај 1954 година.

поет и овој сликар постои некоја тесна духовна сродност и уметничка сличност: обајцата се чистокрвни уметници, обајцата сраснати со својот крај, и кога го изразуваат својот крај, го изразуваат психолошки и уметнички на свој личен начин, начин кој е високо супериорен над баналните методи на декоративното, фолклористичко окарактерисување".[1]

Припаѓајќи на оној вид уметници чија надареност се заснова врз оригиналноста и изворноста, како посебен лик во југословенското сликарство, „јак во изразот, личен до крајност, Лазар Личеноски спаѓа меѓу најсамостојните наши сликарски таленти".[2] Кај него „сѐ е автохтоно, цврсто засадено во нашата почва".[3]

„Со својот извонредно обемен, богат и разновиден опус, Лазар Личеноски си осигура достојно место меѓу културните првенци на Македонија" — вели проф. Димче Коцо.[4] „Необично доследна и целосна личност и како сликар и како човек"[5] преку своето непосредно и топло сликарство, преку сѐ што еманираше од неговата оригинална уметничка и длабоко човечна личност, Лазар Личеноски беше афирматор и пропагатор на македонската уметност насекаде. „Македонија не можеше да има подобар амбасадор од него", рекол Алекса Челебоновиќ.[6] „Неговиот здрав, суров и убав талент — напиша Миодраг Протиќ — има свое место не само во рамките на македонската, ами и во рамките на југословенската уметност".[7]

ЗОЕ ЛИЧЕНОСКА

---

[1] И. Н. (Иван Невистић), Изложба Лазара Личеноског у Загребу. Правда, 22. III 1936.
[2] Леуновић, Изложба Лазара Личеноског. Самоуправа ?, 21. X 1939.
[3] Драган Алексић, Стваралаштво Лазара Личеноског, Време, Београд, 9 мај 1935.
[4] Димче Коцо, Предговор во каталогот на ретроспективната комеморативна изложба на Лазар Личеноски во Уметничката галерија во Скопје, октомври 1968 год.
[5] Александар Ѓурчинов, Скица за развитокот на новото македонско сликарство, Разгледи, Скопје, септември 1959.
[6] Алекса Челебановић. Вера у искрени и интимни доживљај. Борба. 7. XI 1965.
[7] Миодраг Протић, Ретроспектива Лазара Личеноског. НИН, Београд 2. X 1955.

# КАТАЛОГ
# CATALOGUE

1. ПЕЈЗАЖ, 1919
PAYSAGE, huile
масло на шпер, 16, x 34,5
сигн. д.л. Личеноски 1919
соп. Уметничка галерија Скопје

2. ПЕЈЗАЖ, околу 1929
PAYSAGE, huile
масло на платно, 33,5 x 41,5
сигн. д.л. Личен
соп. Уметничка галерија, Скопје

3. ПЕЈЗАЖ, околу 1932/35
PAYSAGE, huile
масло на шпер, 21 x 36
сигн. д.л. Личен
соп. Уметничка галерија, Скопје

4. ПЕЈЗАЖ, околу 1932/35
PAYSAGE, huile
масло на картон, 37 x 50,5
сигн. д.д. Личен
соп. Уметничка галерија, Скопје

5. ПЕЈЗАЖ, околу 1932/35
PAYSAGE, huile
масло на платно, 45,5 x 53
сигн. д.д. Личен
соп. Уметничка галерија, Скопје

6. ПОКРАЈ ВАРДАР, 1935
AU BORD DU VARDAR, huile
масло на шпер, 50 x 64
сигн. д.д. Личен
соп. МСУ Скопје

7. ПЕЈЗАЖ, околу 1935/37
PAYSAGE, huile
масло на шпер, 33 x 41
сигн. д.д. Личен
соп. Уметничка галерија, Скопје

8. ДОЛАП, 1937
ROUE D'IRRIGATION, huile
масло на платно, 1,61 x 1,13
сигн. д.л. Личеноски 1937
соп. Уметничка галерија, Скопје

9. ПЕЈЗАЖ, 1938/39
PAYSAGE, huile
масло на шпер, 30 x 40
сигн. д.д. Личен
соп. Уметничка галерија, Скопје

10. ЧИНАРОТ ВО ОХРИД, 1939
PLATANE A OCHRID, huile
масло на платно, 99 x 80
сигн. д.д. Л. Личеноски
соп. Народен музеј, Охрид

11. ПЕЈЗАЖ, околу 1939
PAYSAGE, huile
масло на шпер, 54 x 73
сигн. д.л. Личеноски
соп. Уметничка галерија, Скопје

12. КАЛИШТЕ, 1940
KALIŠTE, huile
масло на шпер, 54 x 73
сигн. д.л. Л. Личеноски 40 (лат.)
соп. Собрание на општина Охрид

13. БАЧИЛО, 1945
BERGERIE, huile
масло на платно, 1,14 x 1,62
сигн. д.л. Л. Личеноски 1945
соп. Уметничка галерија, Скопје

14. ПЕЈЗАЖ СО ПАРОЛИ, 1945/46
PAYSAGE A SLOGANS, huile
масло на картон, 33 x 41
сигн. д.д. Личеноски
соп. Уметничка галерија, Скопје

15. КАМЕНИОТ МОСТ, 1945/46
LE PONT EN PIERRE, huile
масло на лесонит, 72 x 98
сигн. д.л. Л. Личеноски
соп. МСУ Скопје

16. ДАУТ ПАШИН АМАМ, околу 1947
LE BAIN TURC DE DAUT PACHA, huile
масло на картон, 32 x 41
сигн. д.д. Личен
соп. З. Личеноска, Скопје

17. БИВОЛИ НА ЛЕПЕНЕЦ, 1948
BUFFLES A LEPENEC, huile
масло на лесонит, 72 x 99
сигн. д.л. Л. Личеноски 48
соп. Народен музеј, Охрид

18. СТАРО СКОПЈЕ, околу 1948
LA VIEILLE VILLE, huile
масло на картон 33 x 41
сигн. д.д. Личеноски
соп. З. Личеноска, Скопје

19. ПЕЈЗАЖ, околу 1948/50
PAYSAGE, huile
масло на хамер, 32 x 39
сигн. д.л. Личеноски
соп. Уметничка галерија, Скопје

20. АФИОНИ, 1950
CHAMP DE PAVOTS, huile
масло на платно, 60,5 x 100,5
сигн. д.л. Личеноски 1950 (лат.)
соп. МСУ Белград

21. МОСТОТ НА БРЕГАЛНИЦА, 1950
LE PONT DE BREGAINICA, huile
масло на платно, 73 x 1,00
сигн. д.д. Л. Личеноски (лат.)
соп. З. Личеноска, Скопје

22. ПЕЈЗАЖ ОД ПРИЛЕП, околу 1950
PAYSAGE DE PRILEP, huile
масло на картон, 53 x 73
сигн. д.л. Л. Личеноски
соп. МСУ Скопје

23. ЖИТО, околу 1950
CHAMP DE BLE, huile
масло на платно, 80 x 1,00
сигн. д.л. Личеноски (лат.)
соп. Народен музеј, Охрид

24. АФИОНИ, околу 1950
CHAMP DE PAVOTS, huile
масло на платно, 80 x 1,00
сигн. д.д. Личеноски (лат.)
соп. Собрание на СРМ Скопје

25. АФИОНИ, околу 1950
CHAMP DE PAVOTS, huile
масло на платно, 77 x 61,5
сигн. д.д. Личеноски
соп. Уметничка галерија, Скопје

26. РАДОЖДА, 1953
RADOŽDA, huile
масло на платно, 81 x 1,00
сигн. д.д. Личеноски
соп. Уметничка галерија, Скопје

27. КРУШЕВО, 1953
KRUŠEVO, huile
масло на платно, 73 x 100
сигн. д.л. Л. Личеноски 53 Крушево
соп. З. Личеноска, Скопје

28. ПРИЛЕПСКО ПОЛЕ, 1954
LA CAMPAGNE DE PRILEP, hulle
масло на платно, 69 x 97
сигн. д.д. Л. Личен
соп. З. Личеноска, Скопје

29. ГАЛИЧНИК, 1954
GALIČNIK, huile
масло на платно, 1,30 x 97
без сигнатура
соп. Ректорат на Универзитетот, Скопје

30. САМУИЛОВА ТВРДИНА, 1955
LA FORTERESSE DE SAMUEL, huile
масло на лесонит, 81 x 1,00
сигн. д.д. Л. Личеноски, 55
соп. Народен музеј, Штип

31. ПЕЈЗАЖ, 1950/55
PAYSAGE, huile
масло на шпер, 36 x 55,5
сигн. д.д. Личен
соп. МСУ Скопје

32. ОХРИДСКИ РИБАРИ, околу 1958
PECHEURS D'OCHRID, huile
масло на лесонит, 1,14 x 1,63
сигн. д.л. Л. Личеноски (лат.)
соп. З. Личеноска, Скопје

33. БАЧИЛО, 1959
BERGERIE, huile
масло на платно, 73 x 1,00
сигн. д.л. Л. Личеноски 1959
соп. Уметничка галерија, Скопје

34. РАДОЖДА, 1959
RADOŽDA, huile
масло на лесонит, 79 x 98
сигн. д.д. Личеноски Радожда 59 (лат.)
соп. Народен музеј, Штип

35. ВАРДАР КАЈ ТИТОВ ВЕЛЕС, околу 1959
LE VARDAR A TITOV VELES, huile
масло на картон, 73 x 54
сигн. д.д. Личен (лат.)
соп. З. Личеноска, Скопје

36. СЕЛО ЗЛОКУЌАНИ, 1960
LE VILLAGE DE ZLOKUČANI, huile
масло на картон, 54,5 x 73,5
сигн д.л. Л. Личеноски (лат.)
соп. МСУ Белград

37. СКОПСКИ АКВАДУКТ, 1960
L'AQUEDUC DE SKOPJE, huile
масло на платно, 52,5 x 73
сигн. д.л. Личеноски (лат.)
соп. МАНУ Скопје

38. СКОПСКА ОКОЛИНА, 1960
ENVIRONS DE SKOPJE, huile
масло на картон, 33 x 41
сигн. д.д. Личеноски
соп. З. Личеноска, Скопје

39. ОХРИД, околу 1960
OCHRID, huile
масло на лесонит ,63 x 92
сигн. д.д. Л. Личеноски (лат.)
соп. З. Личеноска, Скопје

40. СЕЛО РАДОЖДА, 1961
LE VILIAGE DE RADOŽDA, huile
масло на лесонит, 79 x 98
сигн. д.д. Л. Личеноски (лат.)
соп. МСУ Скопје

41. СКОПСКО КАЛЕ, 1963
LA FORTERESSE DE SKOPJE
масло на лесонит, 1,11 x 77
сигн. д.д. Л. Личеноски 63
соп. Народен музеј, Штип

42. АФИОНИ, 1963
SHAMP DE PAVOTS, huile
масло на лесонит, 80,5 x 1,13
сигн. нема
соп. З. Личеноска, Скопје

43. МОТИВ ОД СКОПЈЕ,
MOTIF DE SKOPJE, huile
масло на картон, 54,5 x 73
сигн. д.д. Личеноски
соп. МСУ Белград

44. ОХРИДСКО ЕЗЕРО
LE LAC D'OCHRID, huile
масло на шпер, 53 x 72,5
сигн. д.д. Личеноски
соп. МСУ Белград

45. ГОЛЕМОТО ОХРИДСКО ЕЗЕРО
GRAND PAYSAGE D'OCHRID, huile
масло на шпер, 1,00 x 1,22
сигн. д.д. Личеноски
соп. МСУ Белград

46. ПЕЈЗАЖ
PAYSAGE, huile
масло на шпер, 11,5 x 19
сигн. д.д. Л (лат.)
соп. Уметничка галерија, Скопје

47. ПЕЈЗАЖ
PAYSAGE, huile
масло на шпер, 53,5 x 73
сигн. д.л. Личеноски
соп. МСУ Скопје

48. ПЕЈЗАЖ
PAYSAGE, huile
масло на шпер, 54 x 73
сигн. д.л. Личеноски
соп. МСУ Скопје

49. ПЕЈЗАЖ
PAYSAGE, huile
масло на платно, 38 x 46
сигн. д.д. Личеноски
соп. Музеј на град Скопје

50. ПЕЈЗАЖ
PAYSAGE, huile
масло на картон, 33 x 41
сигн. д.д. Личеноски
соп. Музеј на град Скопје

51. ОХРИД
OCHRID, huile
масло на лесонит, 73 x 89
сигн. д.л. Л. Личеноски (лат.)
соп. З. Личеноска, Скопје

РЕПРОДУКЦИИ
REPRODUCTIONS











33





26



37







28

Издава: МАНУ и Уметничка галерија — Скопје

Одговорен уредник: Ванѓел Коџоман и Боро Митриќески

Главен и технички уредник: Ѐера Даниловиќ

Соработка и текст на француски: Зое Личеноска

Предговор: Блаже Конески

Каталошки дел Коста Мартиновски

Црно-бели фотографии: Марин Димес

Печатено во Графички завод „Гоце Делчев" — Скопје

Тираж: 1000